# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 20 став (5) од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија„ бр. 110/07, 20/09, 17/11 и 148/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАР ЗА ЃУБРИЊА НА МАЛО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за упис во регистарот на правни лица за пласирање на пазар за ѓубриња на мало.

## Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој павилник се поднесува на образец: „Барањето за упис во регистарот на правни лица за пласирање на пазар за ѓубриња на мало‟, во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето, седиште на правното лице односно име на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и документацијата што се доставува, датум и место за потпис на подносителот на барањето.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Бр. 02-13060

16 декември 2011 година — Министер

Скопје — **Љупчо Димовски** , с.р.

Прилог

ДО
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Управа за семе и саден материјал

## Б А Р А Њ Е

за упис во регистарот на правни лица за пласирање на пазар за ѓубрија на мало

Од________________________________________________________________

(назив на правното лице/име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето)

________________________________________________________________

( седиште на правно лице/адреса на физичкото лице-подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Кон барањето ја доставувам следната документација за докажување на исполнување на условите од член 20 став 1 и 2 од Законот за ѓубрија:

Датум и место на поднесување

__________________________________

__________________________________

Барател

_____________________.